---

Заклучоци од 6-от Дијалог за Политиката за УЈФ одржан на 19 март 2021 година

- Владата повторно ја потврди својата политичка заложба да го координира спроведувањето на реформите за управување со јавните финансии (УЈФ) со реформата на јавната администрација и по заедничките заклучоци од Економскиот и финансискиот дијалог.

- Владата, со координација од страна на Министерството за финансии, ќе продолжи да води редовен, инклузивен и транспарентен дијалог за политики во обласста на УЈФ со релевантните засегнати страни.

- Националните власти се посветени на ефикасно спроведување на Акцискиот План за 2021 година со цел успешно финализирање на постојната Програма за реформа на УЈФ за периодот 2018-2021 година.

- ЕУ ја поттикнува Владата да ги зајакне административните капацитети на институциите вклучени во процесот на реформите за УЈФ преку одржлива политика за задржување на вработените лица, обука и операционализација на Академијата за УЈФ.

- Владата се обврзува да започне јавни консултации и да ги донесе следниве клучни правни акти и стратегии до крајот на 2021 година:

  - Закон за Академијата за јавни финансии
  - Закон за јавно приватно партнерство и концесии
  - Закон за концесии на добра од општ интерес
  - Стратегија за јавни набавки
  - Акциски план за 2021 година за спроведување на Стратегијата за реформа на даночниот систем.

- Владата ќе го прилагоди членот за фискални правила од Законот за буџетите во согласност со коментарите на Европската комисија и ќе ги усвои подзаконските акти и методолошките алатки потребни за спроведување на Законот за буџетите и Законот за јавна внатрешна финансиска контрола.

- Министерството за финансии, со поддршка од ЕУ и Светската Банка, ќе остане целосно посветено на спроведување на новиот интегриран информациски систем за управување со финансии.

---

- Владата е посветена на спроведување на Акцискиот план за управување со јавни инвестиции под водство на Министерството за финансии.

- Владата ќе го започне процесот на ажурирање на Програмата за Реформа на УЈФ за следниот програмски период со спроведување на Процена на јавните расходи и финансиската отчетност, со почеток во април 2021 година. Покрај тоа, таа бара од донаторската заедница да обезбеди координирана техничка поддршка за подготовка на новата Програма за УЈФ.

- Следниот дијалогот за политиките за УЈФ ќе се одржи во декември 2021 година на кој ќе се дискутира Нацрт програмата за УЈФ за следниот период. Освен тоа, уште еден дијалог за политиките за УЈФ ќе се одржи во 2022 година со цел дискутирање на Извештајот за следење за 2021 година и Акцискиот план за 2022 година.

Скопје, 19 март 2021 година